СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 27 февруари 1987
Скопје
Број 5 Год. XLIII

Аконтацијата за 1987 година изнесува 5.800 динари. Овој број чини 350 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

72.

Врз основа на член 11 став 3, а во врска со член 2 став 2 од Законот за статистички истражувања од интерес за Републиката („Службен весник на СРМ“ број 5/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 февруари 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1987 ДО 1990 ГОДИНА

1. Како статистички истражувања од интерес за Републиката за периодот од 1987 до 1990 година покрај статистичките истражувања од интерес за целата земја кои се спроведуваат на територијата на Републиката се и статистичките истражувања за: снергетски биланси на Републиката; економска развиеност на општините; репродукционата потрошувачка, набавките и залихите на ОЗТ; општествените биланси на СРМ; малото стопанство; потрошувачката на домаќинствата; извршените градежни работи; градежните објекти во општествена и индивидуална сопственост; стоковната размена со странство; добиточното производство; бројот на земјоделските машини; средно рано градинарско производство; природните реткости; загадување на почвата и следење на загадување на воздухот од азотни оксиди; прописите и општите акти на републичките и општинските органи; ликовната дејност; организации за предучилишно, основно и средно образование и воспитание, научно-истражувачките и истражувачко-развојните организации и единици; бројот на запишани и дипломирани студенти; населението, природниот прираст и за миграциите на населението; странските туристи и вработеноста.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-564
19 февруари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
Илија Глигоровски, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Петар Карајанов, с. р.

73.

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 42/77), а по претходно мислење на Народната банка на Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

ОДЛУКА
ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат намените, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија (средства на Републиката и на општините) во 1987 година.

Член 2

Слободните средства на Републиката и на општините Народната банка на Македонија ќе ги насочи преку деловните банки за следниве намени:

1. За кредитирање на републички стоковни резерви, откуп на земјоделски производи и резерви на минерални ѓубрива, во износ до 3.000 мил. дин
2. За кредитирање создавање резерви на месо во жив добиток (по сојузна програма), во износ до 280 мил. дин.
3. За кредитирање создавање резерви на месо во жив добиток (по републичка програма), во износ до 280 мил. дин.
4. За кредитирање на издавачката дејност, во износ до 400 мил. дин.
5. За кредитирање на здравствената заштита, во износ до 400 мил. дин.
6. За кредитирање на производството за посебни намени, во износ до 1.000 мил. дин.
7. За кредитирање на опрема и намирување на трошоците за извршување на Законот за заемот за вработување, во износ до 250 мил. дин.

Член 3

Средствата на Републиката и на општините, ангажирани во износ од 2.130 мил. динари за покривање на дел од пречекорувањето за изградбата на проектот „ФЕНИ“, согласно со дел III, став 1, точка 4 од Програмата за мерки и активности за регулирање на финансиските обврски создадени со реализацијата на проектот „ФЕНИ“ — Кавадарци („Службен весник на СРМ“ број 3/85), ќе мируваат во 1987 година без пресметување и наплата на каматата.

Член 4

Кредитите за намените од член 2 на оваа одлука ќе се враќаат под следниве услови:

— за намената од точка 1, со рок на враќање од 1 година и со каматна стапка од 3% годишно;

— за намените од точките 2 и 3 — со рок на враќање од 3 години, почнувајќи од 1. I. 1988 година, во еднакви полугодишни ануитети, и со каматна стапка од 3% годишно;

— за намената од точката 4 — со рок на враќање од 6 месеци, со тоа да може да се репласираат во рок од 3 години и со каматна стапка од 15% годишно;

— за намените од точките 5 — 6 со рок на враќање од 3 години, почнувајќи од 1. I. 1988 година, во еднакви полугодишни ануитети и со каматна стапка од 25% годишно и

— за намената од точка 7 — со рок на враќање од 5 години, почнувајќи од 1. I. 1988 година, во еднакви полугодишни ануитети и со каматна стапка од 1% годишно.

Член 5

При поднесувањето на барањето за користење на кредитите за намените од член 2 на оваа одлука банката е должна до Народната банка на Македонија да достави мислење на надлежниот републички орган на управата и тоа:

— за намената од точка 1, 2 и 3 — Републичкиот секретаријат за општостопански работи и пазар и Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство;

— за намената од точка 4 — Републичкиот комитет за култура;

— за намената од точка 5 — Републичкиот комитет за здравство и социјална заштита;

— за намената од точка 6 — Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство и

— за намените од точка 7 — Републичкиот секретаријат за финансии.

Член 6

Од нераспределените и неискористените средства за намените од член 2 на оваа одлука Народната банка на Македонија може да им одобрува позајмици на деловните банки, со рок на враќање до 30 дена и со каматна стапка од 45% годишно.

Член 7

Каматната стапка на кредитите што банките ја наплатуваат од крајните корисници може да изнесува до еден процентен поен над пропишаната каматна стапка што банките ја плаќаат на Народната банка на Македонија.

Член 8

Пресметувањето и плаќањето на каматата ќе се врши декурзивно — тримесечно.

Член 9

Приходите од каматите по кредитите од средствата на Републиката и на општините ќе се насочат и тоа: 50% за републичките стоковни резерви и 50% за отпишување на кредитите од член 3 на оваа одлука.

Член 10

За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Народната банка на Македонија.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-310/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

74.

Врз основа на член 19 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 64/84 и 43/86) и член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ" бр. 10/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА МЕРКА НА НЕПОСРЕДНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ — ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ЈАВЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ

1. Се пропишува мерка на непосредна контрола на цените — определување највисоко ниво на цените за превоз на патници во јавен патен сообраќај.

2. Постојните цени за превоз на патници во јавен патен сообраќај, како и надоместоците за директниот и експресниот линиски сообраќај можат да се зголемат најновеќе до 30%.

3. Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи алинеја 1 од точка 1 од Одлуката за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност за тарифите за одредени услуги („Службен весник на СРМ" бр. 37/86).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-287/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

75.

Врз основа на член 19 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 64/84 и 43/86) и член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ" бр. 10/85), а во врска со точка 1, алинеја 2 од Одлуката за пропишување мерка на непосредна контрола на цените, давање согласност на тарифите за одредени услуги („Службен весник на СРМ" бр. 37/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОМЕСТУВАЊЕ НИВОТО НА ПРЕМИСКИОТ СИСТЕМ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ, ОДНОСНО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРИЧИНЕТИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

1. Се дава согласност на Одлуката за поместување нивото на премии на премискиот систем на осигурување на корисниците, односно сопствениците на моторни возила од одговорност за штети причинети на трети лица бр. 1201-2696/6-II од 18 декември 1986 година на Заедницата за осигурување имоти и лица „Македонија" — Скопје — Заедница за ризици на осигурување — моторни возила — Скопје, со која постојното ниво на премискиот систем за осигурување на моторни возила од одговорност за штети причинети на трети лица се зголемува за 34,6% кај сите премиски групи, освен премиската група 8 — осигурување на возила со странска регистрација.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-286/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

76.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика се назначува д-р Живко Шутиновски, досегашен самостоен стручен соработник во Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-100/2
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

77.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика се назначува д-р Виолета Малинска — Петрушевска, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-101/2
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

78.

Врз основа на член 172 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

За заменик на директорот на Републичкиот завод за статистика, сметано од 1 април 1987 година, се именува Владимир Тевдовски, програмер во Електронскиот сметачки центар во СОК на СРМ — филијала во Скопје.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-125/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

79.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи се назначува Јордан Арсовски, досегашен помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-131/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

80.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За советник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Љубомир Фишиќ, досегашен виш советник во РСВР.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-132/2
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р

81.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За советник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Владимир Однакозов, досегашен началник на Одделението за правни работи во РСВР.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-132/3
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

82.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За советник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Тихомир Николовски, досегашен началник на Секторот за врски и КЗ во РСВР.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-132/4
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

83.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За советник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Рецеп Муслиу, досегашен советник во РСВР.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-132/5
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

84.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Георгија Јанчевски, досегашен виш советник во РСВР.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-133/2
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

85.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Борис Чаушевски, досегашен началник на Секторот за работи на милицијата во РСВР.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-133/3
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

86.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Стево Бошњаковски, досегашен виш советник во РСВР.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-133/4
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

87.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Јовчевски Крсте, досегашен началник на II Сектор во СДБ.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-133/5
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

88.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи се назначува Илија Симовски, досегашен началник на Секторот за финансиско-материјални и општи-технички работи.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-133/6
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

89.

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

За републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Илија Поп Стефанија, досегашен републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-298/2
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

90.

Врз основа на член 27 од Законот за републички стоковни резерви („Службен весник на СРМ“ бр. 36/76), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА РЕПУБЛИЧКИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

Се разрешуваат претседателот и членовите на Советот на Дирекцијата за републички стоковни резерви, поради истек на времето за кое се именувани:

а) претседателот:
— Ванчо Здравев;
б) членовите:
— Сречко Маневски,
— Гаврил Гаврилски,
— Ацо Симевски,
— Стојан Димовски,
— Миле Јошевски,
— Радослав Кочовски,
— Душко Туџаров,
— Горјан Велјановски,
— Ристо Георгиев,
— Владо Ковачев,
— Симеон Бојчин,
— Благој Стрaчков,

За претседател и членови на Советот на Дирекцијата за републички стоковни резерви се именуваат:

а) за претседател:
— Доше Котевски, член на Извршниот одбор на Собранието на Стопанската комора на Македонија, на постојана работа во Комората;

б) за членови:
1. Бранко Богоевски, потпретседател на КРО на Стопанска банка — Здружена банка — Скопје,
2. Љупчо Ѓорѓиев, директор на Фабриката за масло „Благој Ѓорев“ — Титов Велес,
3. Кире Јаневски, досегашен директор на РО „Жито Скопје“ — Скопје,
4. Петар Поповски, претседател на КРО на ЗЗПК „Македонија“ — Скопје,
5. потполковник Љубомир Силјановски, на работа во Републичкиот штаб за територијална одбрана,
6. Алексо Стаменковски, помошник на републичкиот секретар за народна одбрана,
7. Душко Туџаров, генерален директор на РО „Реплек Македонија“ — Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-399/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

91.

Врз основа на член 22 став 3 од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ“ бр. 19/89 и 50/82), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Се разрешуваат претседателот и членовите на Советот за извршување на санкциите поради истек на времето за кое се именувани

а) претседателот:
— д-р Владо Камбовски;

б) членовите:
— Ратко Димовски,
— Бранко Јосифовски,
— Никола Коневски,
— Крсте Мишевски,
— Богосав Никодијевиќ,
— Ванчо Цветковски,
— Благој Чоневски,
— Слободан Шајновски,
— Милован Шиковски,
— м-р Наум Шурбановски.

За претседател и членови на Советот за извршување на санкциите се именуваат:

а) за претседател:
— м-р Наум Шурбановски, предавач на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита Скопје;

б) за членови:
1. Блажо Атанасов, секретар на РК на ССММ,
2. Марко Бундалевски, окружен јавен обвинител — Скопје,
3. Павел Манев, судија на Врховниот суд на Македонија,
4. Јордан Мишевски, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика,
5. Добри Неделковски, началник на Одделението во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи,

6. Павле Петрушевски, адвокат од Скопје,
7. Геле Поп Ташев, директор на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“ — Скопје,
8. Софија Стефановска, делегат во Соборот на општините на Собранието на СР Македонија, директор на РО за згрижување и воспитување на деца од претшколска возраст „13 Ноември“ — Скопје,
9. Миладин Стојанов, управител на Казнено-поправниот дом „Идризово“,
10. м-р Виолета Чачева, стручен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања — Скопје,
11. м-р Љубица Чонева, самостоен стручен соработник во Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности — Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-400/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

92.

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ОПШТОСТОПАНСКИ РАБОТИ И ПАЗАР

За помошник на републичкиот секретар за општостопански работи и пазар се назначува Славољуб Михајловиќ, досегашен помошник на претседателот на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-408/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
Илија Филиповски, с. р.

93.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 јануари 1987 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 1 став 4, 5 и 7 и член 2 од Одлуката за изменување и дополнување на Систематизацијата на работните места, донесена од Собирот на работниците во Работната организација ХЕЦ „Глобочица“ во Струга, на седницата одржана на 25 јули 1986 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во организацијата на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија со решение У. бр. 187/86 од 19 ноември 1986 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 1 став 4, 5 и 7 и член 2 од Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука. Постапката е поведена затоа што се постави прашањето за согласноста на оспорената одлука со членовите 372, 438, 493 и 577 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека со означената Одлука се отвора ново работно место советник — координатор (по работното место директор), за кое, покрај советничко-координативните работи и работни задачи, се систематизирани и работи и работни задачи што треба да ги врши лице со посебни овластувања и одговорности и тоа: ја претставува работната организација во ЈУГЕЛ и ООЗТ „Електростопанство на Македонија“ — Скопје и општествено-политичката заедница, ја застапува работната организација со тоа што ги потпишува сите акти на работната организација со кои се преземаат права и обврски и за својата работа е одговорен пред директорот и Работничкиот совет на Работната организација.

Понатаму, Судот утврди дека во Статутот, во член 42 од Правилникот за работни односи и во член 48 од Самоуправната спогодба за здружување работите и работните задачи на советникот — координатор не се предвидени како работи и работни задачи за чие вршење работникот има посебни овластувања.

Според член 179 став 3 од Законот за здружениот труд, со самоуправниот општ акт со кој се уредува работниот однос, работниците се должни да ги уредат и работите, односно работните задачи при чие вршење работниците имаат посебни овластувања и одговорности.

Согласно член 438 став 2 и член 372 од Законот за здружениот труд, со Статут или со самоуправна спогодба за здружување во работна организација, може да се предвиди организацијата на здружениот труд да ја застапува односно претставува, покрај индивидуалниот работоводен орган, односно претседателот на колегијалниот работоводен орган, еден или повеќе работници со посебни овластувања и одговорности во организацијата на здружениот труд.

Со оглед на изнесеното и со оглед на тоа што во конкретниот случај во актот за систематизација е предвидено советникот-координатор, кој според соодветните самоуправни општи акти во организацијата не е утврден како лице со посебни овластувања и одговорности, да ја застапува, односно претставува организацијата, Судот утврди дека член 1 став 4 и 5 од Одлуката се во спротивност со означените членови од Законот за здружениот труд.

6. Воедно, по сопствена иницијатива, Судот утврди дека во член 1 став 7 од оспорената одлука е предвидено советникот-координатор за својата работа да е одговорен и пред Работничкиот совет.

Од анализата на член 493 став 3 од Законот за здружениот труд произлегува дека работниците со посебни овластувања и одговорности за својата работа непосредно се одговорни пред Работничкиот совет.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај советникот-координатор не е предвиден како работник со посебни овластувања и одговорности, Судот смета дека за него не може да биде предвидена непосредна одговорност пред Работничкиот совет, поради што Судот утврди дека оспорената одредба е во спротивност со означениот член од Законот за здружениот труд.

7. Понатаму, по сопствена иницијатива, Судот утврди дека во член 2 од оспорената одлука е предвидено таа да влегува во сила со денот на донесувањето.

Според член 577 став 1 од Законот за здружениот труд, самоуправните општи акти се објавуваат пред да влезат во сила.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај во оспорената одлука е предвидено таа да влегува во сила со денот на донесувањето, а не по нејзиното објавување, Судот утврди дека член 2 од оспорената одлука е во спротивност со член 577 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 187/86
21 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

94.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 јануари 1987 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 16 под II точка 2 алинеја 4 од Правилникот за работните односи на работниците во Основната организација на здружениот труд Ремонт на пруги и нискоградба „Скопје" во Скопје, во состав на Железничко-транспортната организација во Скопје, донесен со референдум на 15 декември 1983 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената основна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот предвидувањето на одреден број на бодови по основот „дете на работник кој работи во основната организација или работната организација" не е во согласност со уставното начело на еднаквост на правата, должностите и одговорностите, како и со начелото на достапноста на секое работно место и функција на секој граѓанин под еднакви услови.

4. На седницата Судот утврди дека во член 16 под II точка 2 алинеја 4 од оспорениот правилник, при определувањето на дополнителните критериуми за утврдување приоритет при вработувањето се предвидени 9 бода за дете на работник кој е вработен во основната и работната организација или во работната заедница на Железничко-транспортната организација, при што предност имаат децата чии родители се вработени во Основната организација „Ремонт на пруги и нискоградба".

5. Согласно уставното начело на еднаквост, содржано во Оддел II став 3 алинеја 9 на Основните начела на Уставот на СР Македонија, неприкосновената основа на положбата и улогата на човекот, меѓу другото, ја сочинува и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со Уставот и Законот. Според член 210 став 3 од Уставот на СР Македонија, на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Според член 167 од Законот за здружениот труд, секој може слободно, рамноправно и под еднакви услови, на начин утврден во Законот и со самоуправен општ акт, да заснова работен однос со работниците во основната организација.

Од изнесените уставни и законски одредби самоуправно право е на работниците со самоуправен општ акт да ги утврдат критериумите, а тоа значи основите за избор на кандидати за вршење на определени работи и работни задачи. Притоа, мора да се води сметка, основите да овозможат пријавените кандидати под еднакви услови да учествуваат во изборот.

Со оглед на тоа што во оспорената одредба од Правилникот, меѓу дополнителните критериуми за приоритет при вработување е предвидена вработеност на родителите во означената организација, Судот утврди дека кандидатите кои конкурираат за вработување, а чии родители се вработени во организацијата, се ставени во привилегирана положба во однос на другите кандидати, поради што Судот утврди дека оспорената одредба не е во согласност со уставното начело на еднаквост и со член 210 став 3 од Уставот на СР Македонија и е во спротивност со член 167 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 253/86
21 јануари 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
Димче Козаров, с. р.

95.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за статистичките истражувања од интерес за Републиката („Службен весник на СРМ" број 5/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 19 февруари 1987 година, донесе

ПРОГРАМА

ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1987 ДО 1990 ГОДИНА, ШТО ГИ СПРОВЕДУВААТ СТАТИСТИЧКИТЕ ОРГАНИ

I. Со оваа програма се утврдуваат статистичките истражувања, периодиката на нивното спроведување, содржината на истражувањата, утврдување на организациите, органите и заедниците кои се должни да ги даваат податоците, како и роковите за прибирање, обработување и објавување за периодот од 1987—1990 година што ги спроведуваат статистичките органи.

Ред. бр.	Назив на истражување и периодика	Содржина на истражувањето	Податоците е должен да ги даде		Податоците се утврдуваат за	
			кој	кога	СРМ	општина
					рок за први резултати	
1	2	3	4	5	6	7
		СТАТИСТИКА НА ИНДУСТРИЈАТА				
	Аналитички работи					
1.	Биланси на каменият јаглен, темен јаглен, лигнит, нафта, електрична енергија и топлина	Пресметани биланси на одделни извори на енергија и збирен енергетски биланс на Републиката	Документација на статистичките органи		30. VI.	

1	2	3	4	5	6	7
2.	Рангирање на општини по економска развиеност еднократно во 1987	Редослед на општини според економската развиеност во примена на осум различни белези	Документација на статистичките органи	—	30. I.	30. I.
	СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО					
	Нови истражувања					
1.	Извештај за бројот на земјоделските машини и орудија (ЗМ) годишно	Број и моќ на тракторите, приклучните машини, комбајните и друга ситна механизација	Собранија на општините	10. IV	31. V.	31. V.
2.	Извештај за средно рано градинарско производство (ГП) годишно	Засеани површини и добиени приноси од средно раните домати, пипер, грашок, боранија, ран компир, зелка и краставици	Организациите на здружениот труд од областа на земјоделството и процена за индивидуалните стопанства			
	Истражувања што се спроведуваат секоја година Проширување и обработка					
1.	Пресметување на добиточното производство по општини годишно (ПО-51-2)	Податоци за прирастот на живата мера на добитокот и добиточното производство (месо, млеко, волна, јајца)	Документација на статистичките органи	—	31. V.	31. V.
	СТАТИСТИКА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО И КОМУНАЛНОТО СТОПАНСТВО					
	Истражувања што се спроведуваат секоја година					
	Дополнување на истражувањата од интерес за целата земја					
1.	Годишен извештај за градежни објекти на кои се изведувани работи во 1986 година (Град-11)	Проширување на извештајот со податоци за класата на земјиштето зафатено со градба	ОЗТ од областа на градежништвото	1. II.	30. VI.	30. VI.
2.	Годишен извештај за зграда градени во режија на индивидуална сопственост (Град-11а)	Проширување на извештајот со податоци за класа на земјиштето зафатено со градба	Собранија на општините	1. II.	30. VI.	30. VI.
3.	Извештај за урнати згради и станови (Град-71) пробно, 1987 година	Проширување на извештајот со број на бесправно изградени објекти, површина зафатена со нив и класа на земјиштето и видот на бесправно изградени објекти (станбен, деловен, гаража, скалиште, ограда, тераса и сл.)	Собранија на општините	15. I.	30. VI.	30. VI.
4.	Месечен извештај за градежништво (Град-21)	Вредност на извршените градежни работи во нискоградба, високоградба, станбената изградба и хидроградба. Број и површина на завршени и незавршени	Документација на статистичките органи	—	15. II.— V. VIII и X	15. II.— V. VIII и X

1	2	3	4	5	6	7

СТАТИСТИКА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

Истражувања што се спроведуваат секоја година

Проширување на обработката

1.	Стоковна размена со странство, месечно	Обработка на резултатите увоз-извоз по сектори, отсеци, групи на производи, земји на наплата, економски групации, организации и др.	Документација на статистичките органи	—	До 30-ти во месецот за претходниот месец	

СТАТИСТИКА НА УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ

Периодични истражувања

1.	Анкета за странски туристи (Ту-13) тригодишно од 1986	Ќе се обработат податоци за прометот на странските туристи и излетници, структура на нивните трошоци во СРМ и СФРЈ, национална припадност на туристите и друго	Документација на статистичките органи		15. I.	

СТАТИСТИКА НА СТОПАНСКИТЕ БИЛАНСИ И ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

Истражувања што се спроведуваат секоја година

Проширување на обработката

1.	Податоци за малото стопанство, 1986 година	Општествен производ, број на вработени, основни средства, инвестиции во малото стопанство за општествениот и индивидуалниот сектор	Документација на статистичките органи	—	31. X.	31. X.
2.	Извештај за репродукционата потрошувачка, набавките и залихите во ОЗТ (ПБ-11), петгодишно од 1988	Меѓурепублички промет и меѓусебните односи за стопанските дејности, меѓусекторски дејности, меѓусекторски табели, технички коефициенти и инверзни матрици	Документација на статистичките органи	—	20. V.	—
3.	Општествени биланси на СРМ годишно, во 1987 за 1985 година	Биланс на производните дејности, општествените средства, буџетот на непроизводните дејности личната потрошувачка, инвестициите на односи со други ОПЗ, збирен биланс за формирање распределби на средствата	Документација на статистичките органи	—	15. X.	—
4.	Анкета за потрошувачката на домаќинствата (АПД) годишно	Врз основа на податоците од анкетата тримесечно ќе се врши пресметнување на висината на приходите на четиричлените домаќинства во СРМ за задоволување на минимум егзистенцијалните потреби	Документација на статистички органи	15. I. 15. IV. 15. VII. 15. X.	15-ти ден по изминување на квар.	—

1	2	3	4	5	6	7

СТАТИСТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, НАУКАТА, КУЛТУРАТА И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Нови истражувања

1.	Извештај за ликовната дејност (ЛД) пробно во 1987 година	Број на организирани ликовни изложби, број на учесници, откупени дела и од кого, број на членови на ДЛУМ, ДЛУПУМ и ликовни педагози	Здруженија за ликовната уметност, музеите галериите и авторските агенции	31. I.	31. III.	

Истражувања што се спроведуваат секоја година

Дополнување на истражувањето од интерес за целата земја

2.	Извештај на организации за предучилишно воспитно-образовна работа (ПШВ) годишно	Проширување на извештајот со податоци за децата во воспитно образовни групи според говорниот јазик за наставниците според соодветноста за извршување на работните задачи	Предучилишни воспитно-образовни организации	30. IX.	31. XII.	
3.	Извештај за основните училишта (Ш-О/К-Д) годишно	Проширување на извештајот со податоци за успехот на учениците со оцени и националност	Основните училишта	30. IX.	20. I.	20. I.
	Петгодишно:	Опфаќање на училишниот простор	Основните училишта	30. IX.	20. I.	20. I.
4.	Извештај за средните училишта (ШС-Р/К) годишно	Проширување на извештајот со податоци за ученици според изборните програми и струката, успехот, националноста, наставен кадар по соодветност за наставата	Средните училишта	30. IX.	20. I.	20. I.
	Петгодишно	Опфаќање на училишниот простор	Средните училишта	30. IX.	20. I.	20. I.

Проширување на обработката на постојните истражувања

5.	Извештај за основни училишта (Е-Ш-О/К) годишно	Учениците во основните училишта по припадност, на народи и народности. Број училишта, паралелки ученици по одделенија и наставници за селско,градско подрачје	Документација на статистички органи	—	20. IV.	
6.	Извештај за почеток на учебната година (Е-Ш-О/П) годишно	Обработка на податоците по општини за бројот на опфатените училишта, ученици, наставници	Документација на статистички органи	—	20. I.	20. I.
7.	Извештај за запишани студенти во зимскиот семестар (ШВ-20) годишно	Запишани студенти по народност по факултети за СРМ и општини	Документација на статистички органи	—	30. VI.	30. VI.
8.	Извештај за дипломирани студенти (ШВ-5) годишно	Број дипломирани студенти и социо-економската структура и дипломираните студенти. Дипломирани студенти по општини	Документација на статистички органи	—	20. III.	20. III.

1	2	3	4	5	6	7
9.	Извештај за запишани студенти во зимскиот семестар (ШВ-20)	Проширување на обработката за студенти од СРМ што студираат во други републики и покраини. Вкупно редовни	Документација на статистички органи	—	30. IX.	30. IX.
10.	Годишен извештај за научно-истражувачките и истражувачко развојни организации (НИРО)	Проширување на извештајот со дополнителна табела за опремата на извештајните единици	Научно-истражувачките и истражувачко развојни организации	15. III.	30. VII.	—
		ДЕМОГРАФСКА СТАТИСТИКА				
	Нови истражувања					
1.	Извештај за миграции на населението (МИГ), пробно во 1987 година	Прибирање на податоци за отселени лица од општините и доселени во општините, како и отселени во други СР и САП и доселени од другите СР и САП	Републички секретаријат за внатрешни работи			
	Проширување на обработката — аналитичка работа					
2.	Прогноза на населението по општини (Дем-1) еднократно	Пресметки за процена на населението до 2000 година по пол и старост, по општини	Документација на статистички органи	—	15. II.	15. II.
3.	Скратени, морталитетни таблици за Републиката во 1985 —1987 година	Пресметано очекувано траење на животот на населението по пол и старост	Документација на статистички органи	—	15. II.	—
4.	Извештаи за родени и умрени лица (Дем-1 и Дем-2) годишно	Проширување на обработката на извештаите на родени и умрени лица според одредени белези	Документација на статистички органи	—	30. III. претходни 30. VI. дефинитивни	
		СТАТИСТИКА НА САМОУПРАВУВАЊЕТО				
	Нови истражувања					
1.	Извештај за прописите и општите акти на републичките органи во 1987 година (пробно)	Прописи и општи акти на Собранието на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ и републичките органи на управата по видови и доносител	Републички органи	31. I.	1. III.	—
2.	Извештај за прописите и општите акти на републичките и општинските органи, организации и заедници што вршат јавни овластувања од 1988 година	Прописи и општи акти на општествено-политичките заедници, органи и заедници што вршат јавни овластувања по видови и доносител	Републички и општински организации и заедници што вршат јавни овластувања			
		СТАТИСТИКА НА ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВАТА СРЕДИНА				
	Нови истражувања					
1.	Извештај за заштита на природните реткости (ПР) пробно 1987	Број на организации, вработени по стручна подготовка и профили, број на објекти под заштита	Собранија на општините, за водите за заштита на природни реткости и национални паркови	31. I.	31. III.	

1	2	3	4	5	6	7
2.	Извештај за загадување на почвата и следење на загадување на воздухот од азотни оксиди. Пробно во 1989 година	Проучување на проблемот методолошки подготовки и пробно извршување 1989 година	—	—	—	—

СТАТИСТИКА НА ВРАБОТЕНОСТА

Проширување на обработка на постојните истражувања

1.	Извештај на организациите и заедниците за работниците (Рад-10) двегодишно	Личен доход по квалификации и дејности во ОЗТ и работни заедници. Во годините кога не се врши ова истражување ќе се врши процена на л. д. по квалификации	Документација на статистички органи	—	28. II.	—
2.	Извештај за нововработените лица врз основа на средствата од заемот за вработување, месечно почнувајќи од јули 1987 година	Број на организации во кои е извршено вработување, вработени по стручна подготовка, профили и друго.	Координативното тело за спроведување на заемот за вработување на општината	5-ти во месецот за претходниот месец	20-ти во месецот за претходниот месец	20-ти во месецот за претходниот месец

II. Програмата се објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-575
19 февруари 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
Илија Глигоровски, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
Петар Карајанов, с р.

Во текстот на Одлуката за избор на членови на Советот на Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 3/87), поткрадната е грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А

на Одлуката за избор на членови на Советот на Републиката

По името Хамид Таки наместо „Драги Трајановски" треба да стои „Драги Таневски".

Од Редакцијата

РЕПУБЛИЧКИ ФОНД ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕЗЕРВИ

96.

Врз основа на член 37 од Законот за фондовите за заеднички резерви („Службен весник на СРМ“ број 4/78) и членот 40 од Статутот на Републичкиот фонд за заеднички резерви, Собранието на Републичкиот фонд за заеднички резерви, на седницата одржана на 23 февруари 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕЗЕРВИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Стапката на здружување на средствата на резервите на основните организации на здружен труд во Републичкиот фонд за заеднички резерви изнесува 20% од основицата утврдена со членот 6 од Законот за фондовите за заеднички резерви („Службен весник на СРМ“ бр. 41/78).

Член 2

Обврската од претходниот член се однесува по завршните сметки на основните организации на здружен труд за 1986 година.

Член 3

Средствата од членот 1 на оваа одлука ќе се уплатуваат на жиро-сметка 40100-651-16 Републички фонд за заеднички резерви — Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 21-534, („Службен весник на СРМ“ број 6/86).

Бр. 7729/2
23 февруари 1987 година
Скопје

Претседател,
Насте Настески, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

52.

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Стапката на придонесот од личниот доход за пензиско и инвалидско осигурување се утврдува на 16,63 насто.

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот од личниот доход за пензиско и инвалидско осигурување се зема остварениот личен доход на работниците во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници.

Член 2

За осигурениците за кои се утврдува само чист личен доход придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на пресметана стапка на чист личен доход врз основа на збирот на републичките и општинските стапки на придонесите од личен доход.

Член 3

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, по дадената согласност од Собранието на СР Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-4086/1
25 декември 1986 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милески, с. р.

53.

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 3/84), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 декември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДОХОДОТ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ КОЈ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување кој се смета со зголемено траење служи за покривање на зголемените обврски на пензиското и инвалидското осигурување кои настануваат поради сметањето на стажот на осигурувањето со зголемено траење и намалувањето на старосната граница за здобивање со право на старосна пензија.

Член 2

Придонесот од доходот од член 1 на оваа одлука се пресметува од личниот доход на вработените на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, а го плаќаат организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници од својот доход, по стапка од:

а) 8,31 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;

б) 5,54 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

в) 4,16 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

г) 2,77 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци.

Член 3

Уплата на придонесот од доходот по стапките од член 2 на оваа одлука од обврзниците се врши при поднесувањето на периодичните пресметки и завршната сметка.

Член 4

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, по дадената согласност од Собранието на СР Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-4085/1
25 декември 1986 година
Скопје

Претседател,
Анастас Милески, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

54.

Врз основа на член 51, став 1 од Законот за научноистражувачка дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85) и член 25 од Статутот на Републичката заедница за научноистражувачка дејност, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 23 декември 1986 година, во согласност со Собранието на СРМ, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Заради обезбедување средства за задоволување на заедничките потреби во научноистражувачката дејност во 1987 година се определува висината на стапките на придонеси и тоа:

— 0,60% од доходот на основните организации на здружениот труд распоредени во области од 01 до 11 евидентирани во Одлуката за единствена класификација на дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр. 34/76) од кои 0,10% се наменети за инвестиции и опрема во научноистражувачката дејност;

— 0,40% од личниот доход од работен однос на работниците во основните организации на здружен труд кои не плаќаат придонес од доходот.

Член 2

Основицата за пресметување на придонесот од член 1, алинеја 1 претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на придонесот од член 1, алинеја 2 претставува бруто личниот доход.

Член 3

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 08-106/1
19 јануари 1987 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р **Душан Петковски**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА

55.

Врз основа на член 27-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 41/81 и 25/84), Собранието на Републичката заедница на културата, во согласност со Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 28 јануари 1987 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на здружениот труд и од личен доход од работен однос за 1987 година преку кои се обезбедуваат средства на Републичката заедница на културата за задоволување на договорените заеднички потреби во областа на културата од општ интерес за Републиката.

Член 2

Во 1987 година се утврдуваат следните стапки на придонеси на Републичката заедница на културата и тоа:

— придонес од доход на основните организации на здружен труд 0,30%
— придонес од личен доход од работен однос 0,20%

Член 3

Организациите на здружен труд од основното, средното насочено образование, ученичките и студентските домови и од социјалната заштита ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 50% од утврдената стапка во член 2, алинеја 2 на оваа одлука, односно 0,10%.

Организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 70% од утврдената стапка во член 2, алинеја 2 на оваа одлука, односно 0,14%.

Член 4

Обврзници на придонесот од доходот се основните организации на здружен труд од стопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр. 14/77 и 18/80), во областа на дејностите од 01 до 11.

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областите на дејностите од 12 до 14.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 0804-7/4
28 јануари 1987 година
Скопје

Претседател,
академик **Крум Томовски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА МАКЕДОНИЈА

56.

Врз основа на член 31 точка 15 од Самоуправната спогодба за здружување во СИЗ за енергетика на Македонија, член 11 точка 11 од Статутот на Заедницата, а во врска со член 16 став 2 од Тарифниот систем за испорака на електрична енергија, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 29 јануари 1987 година, а по одржаната јавна расправа, донесе

У С Л О В И

ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ТАРИФНИТЕ СТАВОВИ ЗА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ГОЛЕМИ ДИРЕКТНИ ПОТРОШУВАЧИ, ВО ЗАВИСНОСТ ОД СТЕПЕНОТ НА СИГУРНОСТА НА СНАБДУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И РЕЖИМОТ НА РАБОТА НА ПОТРОШУВАЧОТ

Член 1

Со овие услови се утврдуваат:

— мерила под кои може да се врши намалува-

ње на тарифните ставови за испорака на електрична енергија во зависност од можностите за прилагодување на преземање на електрична енергија и моќност;

— вид на прилагодување;

— попуст на тарифните ставови според видот на прилагодувањето;

— начин на донесување одлука за одобрување на попуст на тарифните ставови;

— содржина на договорот за купопродажба на електрична енергија во делот кој се однесува на попуст на тарифните ставови и

— останати одредби.

Член 2

Под поимот на голем директен потрошувач, во смисла на овие услови се подразбира потрошувач на електрична енергија кој презема над 300 ГВтч годишно и чии карактеристики на потрошувачка и режим на работа се такви да можат да се прилагодат на барањата на испорачувачот во текот на денот и периодично во текот на годината.

Член 3

На потрошувачите електричната енергија им се пресметува по намалени тарифни ставови во зависност од избраниот степен на прилагодување.

Член 4

Под прилагодување во смисла на член 3 од овие услови се подразбира прилагодување на ангажираната моќност и потрошувачката на електрична енергија на потрошувачот според можностите на електроенергетскиот систем (во натамошниот текст: испорачувач) и тоа како:

А. периодично прилагодување и

Б. дневно прилагодување.

Член 5

Под периодично прилагодување предвидено во член 4 се подразбира потполно запирање на работата на потрошувачот одреден временски период во текот на годината, по правило во време на примена на вишите сезонски тарифни ставови. Зависно од должината на периодичното прилагодување се утврдуваат четири степени на прилагодување и тоа:

I-А степен на прилагодување, кој подразбира потполно запирање на ангажираната снага (100%) од страна на потрошувачот во времетраење од 30 дена годишно или ограничување на ангажираната снага најмалку за 65% во сразмерно подолго време.

II-А степен на прилагодување, исто како и I-А степен во времетраење од 45 дена годишно,

III-А степен на прилагодување, исто како I-А степен во времетраење од 60 дена годишно,

IV-А степен на прилагодување, исто како и I-А степен во времетраење од 75 дена годишно.

Прилагодувањето од претходниот став може да биде остварено, зависно од ситуацијата во електроенергетскиот систем, како еднократно или во повеќе временски периоди.

Член 6

За утврдените степени на прилагодување од член 4 од овие критериуми се утврдуваат следните процентни снижувања на тарифните ставови за продажба на електрична енергија и тоа:

— за I-А степен на прилагодување	8,22%
— за II-А степен на прилагодување	12,33%
— за III-А степен на прилагодување	16,44%
— за IV-А степен на прилагодување	20,55%

Член 7

Под дневно прилагодување од член 4 на овие критериуми се подразбира ограничување договорената, односно ангажираната снага во време на поголемата дневна тарифа.

Зависно од бројот на работните денови во текот на годината за кои се договара дневно прилагодување се утврдуваат четири степени на дневно прилагодување и тоа:

I-Б степен на прилагодување кој подразбира ограничување на снагата за најмалку 60% од договорената односно ангажираната снага во текот на 30 работни дена годишно до 3 часа дневно,

II-Б степен на прилагодување, исто како и I-Б степен во текот на 45 работни дена годишно,

III-Б степен на прилагодување, исто како I-Б степен во текот на 65 работни дена годишно,

IV-Б степен на прилагодување, исто како I-Б степен во текот на 75 работни дена годишно.

Член 8

За степенот на дневно прилагодување од член 7 на овие критериуми се утврдуваат следните проценти на снижувања на тарифните ставови за продажба на електрична енергија и тоа:

степен на прилагодување	за самостоен степен	за комбинација со периодичните прилагодувања			
		I-А	II-А	III-А	IV-А
за I-Б	2,40	2,65	2,80	2,96	3,15
за II-Б	3,59	3,98	4,20	4,45	4,75
за III-Б	4,79	5,30	5,60	5,93	6,30
за IV-Б	5,99	6,63	7,00	7,41	7,88

Член 9

При утврдување на степенот на прилагодување може да се договорат следните можности:

1. да се определи за еден од степените на периодично прилагодување,

2. да се определи за еден од степените на дневно прилагодување,

3. да се определи за исти степен на периодично и дневно прилагодување,

4. да се определи за еден од степените на периодично и еден од степените на дневно прилагодување.

Во случај од точките 3 и 4 од овој член вкупниот процент на снижување на тарифните ставови еднаков е на збирот од поединечните проценти на снижување на избраниот степен на прилагодување.

Член 10

Степенот на периодичното и дневното прилагодување се утврдува по предлог на потрошувачот со договорот за купопродажба на електрична енергија до 30 ноември за наредната година врз основа на технолошкиот процес на потрошувачот и можностите на испорачувачот на електрична енергија во зависност од состојбата утврдена со електроенергетскиот биланс за наредната година, со цел обезбедување на сигурност и економично користење на електроенергетскиот систем на Републиката.

Со договорот за купопродажба на електрична енергија се утврдуваат и останатите елементи на меѓусебните права и обврски и степенот на прилагодување.

Член 11

Независно од одредбите на овие критериуми, во случаи кога електроенергетскиот систем располага со доволни количини електрична енергија, посебно од хидроцентралите, а постои интерес на испорачувачот да го намали оптоварувањето во вечерниот врв (по правило меѓу 17—21 ч.) испорачувачот може со потрошувачите однапред за наредниот пресметковен период да договори посебен дијаграм на дневно преземање на електрична енергија.

Под посебен дијаграм на дневно преземање на електрична енергија се подразбира таков дијаграм кој на потрошувачот му овозможува максимално ангажирање на неговите постројки, со тоа да 3 часа во вечерниот врв ја смали ангажираната снага до 60% од вредностите на континуираното — максимално оптоварување.

Во случаите од претходниот став за пресметка во тој пресметковен период се зема снагата, моќноста регистрирана во периодот на договорените 3 часа во вечерниот врв.

Член 12

Извршување на утврдениот степен на прилагодување задолжително е за потрошувачот и за испорачувачот во колку тоа електроенергетските прилики го бараат.

Испорачувачот на електричната енергија е должен примената на степенот на периодично прилагодување кој ќе се применува во исклучителни случаи претходно да го најави на потрошувачот како истиот би можел да изврши припреми со кои би се елиминирале производно-технолошките штети.

Начинот и условите поблиску се регулираат со Договорот предвиден во член 10.

Член 13

Во колку потрошувачот на барање на испорачувачот не пристапи кон прилагодување, испорачувачот има право да ја сопре испораката на електрична енергија во рамките на утврдениот степен на периодично прилагодување, односно потполно да ги запре специјалните трошила во колку се работи за неизвршување на обврските по основ на дневно прилагодување.

Член 14

Во колку испорачувачот не го искористи или само делумно го искористи правото по основ на прилагодување, на потрошувачот, електричната енергија ќе му се пресметува по тарифни ставови кои произлегуваат од утврдениот степен на прилагодување.

Член 15

Процентот на снижување на тарифните ставови за продажба на електрична енергија од овие критериуми нема да се применува на тарифните ставови по кои се пресметува прекумерно преземената јалова енергија.

Член 16

Овие услови влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

ССИЗЕМ бр. 25/V/3
29 јануари 1987 година
Скопје

Претседател,
дипл. ел. инж. **Влатко Гаврилов**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ДЕМИР ХИСАР

57.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската заедница за здравствена заштита — Демир Хисар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, на седницата одржана на 22 декември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИТЕ ПРИДОНЕСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за 1987 година се утврдува на 9,25% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за здравствени видови на здравствена заштита 5,75% и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита на задолжителните видови и другите права од здравствено осигурување 3,50%.

Член 2

Придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест се утврдува во износ од 0,50%.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува:

— кај обврзниците кои формираат доход, остварениот доход;

— кај обврзниците кои не формират доход, бруто личните доходи и другите примања.

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита во случај на несреќа на работа, по стапка од 1% од исплатениот надоместок.

Член 3

Посебниот придонес на здравствена заштита во странство (за деташирани работници) е во висина од 20% од чистиот личен доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став по видови на осигурување се распоредува сразмерно на стапката утврдена со член 1 на оваа одлука.

Член 4

Придонесот за здравствена заштита на корисниците на пензии, СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија го плаќа по стапка што одговара на нето стапка на бруто стапка од член 1 став 1 на оваа одлука.

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став претставуваат вкупно исплатените пензиски примања во времето за кое се плаќа придонесот.

Член 5

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, статут, оваа одлука и други општи акти на Заедницата.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-639 од 23 декември 1985 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-682/10
22 декември 1986 година
Демир Хисар

Претседател,
Сандо Георгиевски, с. р.

58.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, на седницата одржана на 22 декември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР ЗА 1987 ГОДИНА

I

Придонесите за здравствена заштита на земјоделците во општината Демир Хисар за 1987 година се определуваат и тоа:

1. за осигурениците земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход) се плаќа:

а) по стапка од 10% на катастарски приход;

2. за осигурениците — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност се плаќа:

а) по 2.100,00 динари за семејство, ако домаќинството е задолжено со придонес на катастарски приход;

б) по 6.800,00 динари за семејство ако домаќинството не е задолжено со придонес на катастарски приход.

II

Придонесите што ќе се наплатуваат се распоредуваат и тоа:

1. за задолжителни видови 75%,

2. за права што самостојно ги утврдува заедницата и за другите права од здравствена заштита на заедницата 25%.

III

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-639 од 23 декември 1985 година.

IV

Оваа одлука влегува во сила по денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-682/2

22 декември 1986 година
Демир Хисар

Претседател,
Сандо Георгиевски, с. р.

59.

Врз основа на член 103—105 и член 108—110 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 151 став 1 точка 15 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, со рамноправно учество во Соборот на делегати корисници на услуги — работници и Соборот на даватели на услуги, на седницата одржана на 22 декември 1986 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ОСИГУРЕНИЦИ ВО 1987 ГОДИНА

I

Придонесите за здравствена заштита во постојани месечни износи во 1987 година се плаќаат за:

1. лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време, во износ од 900 динари;

2. учениците во средните училишта за одделни занимања за кои покрај училишната се изведува и практична настава во организација на здружениот труд, училиштето или кај приватен работодавец, во износ од 450 динари;

3. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии кои поради тоа прекинале со школување, ако за тоа време примаат стипендија, се плаќа придонес од 2.250 динари;

4. лица кои организацијата пред да ги вработи ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување, ако за тоа време примале стипендија, придонесот се плаќа во износ од 2.250 динари;

5. лицата кои учествуваат во младински работни акции кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени во сите случаи на инвалидност, се плаќа во износ од 450 динари;

6. лицата кои учествуваат во организирани работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 450 динари;

7. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување) во износ од 450 динари;

8. за лицата припадници на територијални единици, припадници на цивилната заштита, за време на цивилната заштита за време изведување на задачите на територијалната одбрана, во износ од 450 динари;

9. уживателите на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија од страна на Извршниот совет, во износ од 900 динари;

10. членовите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на заедницата, на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравствена заштита се плаќа придонес за здравствена заштита, во постојан износ од 1.500 динари;

11. уживателите на инвалиднини по прописите на инвалидското осигурување и тоа само во случај на потреба од лекување во врска со повреда или заболување што предизвикало телесно оштетување во износ од 900 динари;

12. брачниот другар, односно родители осигуреници според член 32 од Законот за здравствената заштита во износ од 1.575 динари;

13. членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на отслужување на воениот рок во ЈНА, ако пред тоа го исполнил условот на претходно осигурување, во износ од 300 динари по член;

14. југословенските државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од странски носители на осигурување (земји без конвенции), додека престојуваат на подрачјето на Заедницата, плаќаат месечен паушал во износ од 4.500 динари.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат придонеси за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални заболувања, во износ од 150 динари за:

1. учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за време траењето на практичната работа во врска со наставата;

2. лицата кои учествуваат во младинските работни акции кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, како и лицата кои учествуваат во организирани работни акции;

3. лицата кои се наоѓаат на извршување на задачите на територијалната одбрана и на цивилната заштита;

4. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука;

5. лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување и на преквалификација, а се упатени од Самоуправната интересна заедница за вработување;

6. лицата кои работат помалку од половина од полното работно време и

7. припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита.

Член 3

Платените придонеси од член 1 точка 1 од оваа одлука по видови на здравствена заштита ќе се распоредуваат по следната структура:

— за задолжителни видови 55,00%
— за останати права на задолжителни видови 40,00%
— за несреќа на работа и професионални заболувања 5,00%

а, придонесите од точка 9—15 се распоредуваат за:

— задолжителни видови 60,00%
— за останати права на задолжителни видови 40,00%

Член 4

Придонесите за лицата опфатени со член 1 и 2 од оваа одлука се пренесуваат и плаќаат месечно наназад по исклучок на придонесите од член 1 точка 10 и 15.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од 1 месец на секој календарски ден во соодветниот месец се плаќа, по 1/3 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-682/9
22 декември 1986 година
Демир Хисар

Претседател,
Сандо Георгиевски, с. р.

60.

Врз основа на член 103 став 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 159 став 1 точка 15 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, со рамноправно учество на Соборот на делегати — корисници на услуги — работници и Соборот на делегати — даватели на услуги, на седницата одржана на 22 декември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува основица за пресметување и плаќање на придонеси за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци и права од здравственото осигурување за кои со закон не се утврдува основица за придонес.

Член 2

Основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на право на ова осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци претставува договорениот чист личен доход меѓу приватниот работодавец и работник, кој што неможе да биде помал од:

— за неквалификувани работници и домашни помошнички во висина на гарантираниот личен доход од Општината во која ја врши својата дејност, утврден со посебни прописи:

— за полуквалификувани работници	40.000,00 динари
— за квалификувани работници	55.000,00 динари
— за висококвалификувани работници	70.000,00 динари

Член 3

За учениците од училиштата за средно образование кои покрај училишната изведуваат и практична настава во организација на здружен труд или кај приватни работодавци, основица за осигурување на правата од здравственото осигурување претставува наградата што ја прима, а која не може да биде помала од:

— за ученици од прва година	4.000,00 динари
— за ученици од втора година	5.000,00 динари
— за ученици од трета година	6.000,00 динари
— за ученици од четврта година	7.000,00 динари

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година. Истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-682/6
22 декември 1986 година
Демир Хисар

Претседател,
Сандо Георгиевски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ТИТОВ ВЕЛЕС

61.

Врз основа на член 56 од Законот за физичка култура („Службен весник на СРМ" бр. 35/84) и член 33 и 34 од Статутот на ОСИЗ на физичката култура — Титов Велес, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 25 декември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКА НА ПРИДОНЕСИ ЗА ОСИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — ТИТОВ ВЕЛЕС ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Се утврдуваат стапките на придонесите на ОСИЗ на физичката култура што ОЗТ ги плаќаат од доходот, работните луѓе од личниот доход од нестопанството и граѓаните кои вршат самостојна стопанска и нестопанска дејност.

Член 2

Во 1987 година се утврдуваат следните стапки на придонеси:

1. придонес од доходот на ОЗТ, по стапка од 0,49%;
2. придонес од личниот доход од нестопанство по стапка од 0,30%;
3. придонес од вршење на земјоделски дејности, по стапка од 0,15%;
4. придонес од самостојно вршење на стопански и нестопански дејности, по стапка од 0,15%.

Член 3

Се ослободуваат делумно од пресметување и уплатување на придонеси за физичка култура ОЗТ од основното и средното насочено образование, како и од социјалната заштита за 50% од член 2 точка 2, односно ќе пресметуваат и уплатуваат по стапка од 0,15%.

ОЗТ од општествената заштита на деца, што вршат дејности и заштита на културни богатства и од областа на сценско-музичката дејност, се ослободуваат за 30% и ќе пресметуваат и уплатуваат по стапка од 0,21% од бруто личен доход.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година и ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-371
25 декември 1987 година
Титов Велес

Претседател,
Боре Манев, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

62.

Врз основа на член 25 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Тетово, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 29 декември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО ЗА 1987 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на придонесите што ги уплатуваат работните луѓе од доходот на ООЗТ и од личен доход од работен однос, заради обезбедување средства на ОСИЗ за социјална заштита — Тетово.

2. Стапките на придонесите на Заедницата се утврдуваат во висина од:

— придонес од доход од работен однос на ОЗТ од стопанството, по стапка од 0,38%;

— придонес од доход од нестопанството од работен однос, по стапка од 0,50%:

— придонес од доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,30%;

— придонес од доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 2%;

— придонес од доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 2%;

— годишен паушален износ од општинскиот данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, со стапка од 10%.

3. Со донесувањето на оваа одлука за утврдување на стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Тетово престанува да важи Одлуката објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 2/86.

Бр. 03-48/1
29 декември 1986 година
Тетово

Претседател,
Неделко Јаковчески, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ТЕТОВО

63.

Врз основа на член 26 и 34 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Тетово, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 30 декември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ЗА НАПЛАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ВО 1987 ГОДИНА

I

Се утврдуваат стапките за набавка на придонесите од личните доходи во 1987 година и тоа:

Придонес од личен доход од работен однос од стопанство и нестопанство:

— основно образование	5,00%
— општествена заштита на децата	1,10%

Придонес од личен доход од земјоделска дејност:

— основно образование	3,00%
— општествена заштита на децата	1,10%

Придонес од личен доход од вршење на професионална и стопанска дејност:

— основно образование	6,00%
— општествена заштита на децата	0,30%

Придонес од личен доход од вршење на занаетчиска дејност кои плаќаат во паушал:

— основно образование	33,00%
— општествена заштита на децата	2,00%

II

Корисниците на средствата на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата се ослободуваат во 1987 година од плаќање на придонес од личен доход за основно образование и детска заштита во целост.

Насоченото образование се ослободува од плаќање на придонесот во износ од 50% од утврдените стапки.

III

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 г.

Бр. 0801-1278/1
30 декември 1986 година
Тетово

Претседател,
Јованче Михајловски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

64.

Врз основа на член 134 од Статутот, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Штип, на заедничка седница на двата собора на Собранието, одржана на 25 ноември 1986 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствената заштита број 04-8/14 од 25. 10. 1983 година, број 04-21/4 од 24. 06. 1985 година и број 06-24/28 од 26. 12. 1985 година во членот 2 став 1 точка 1, бројот „50“, се заменува со бројот „100“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06-4/3
25 ноември 1986 година
Штип

Претседател,
Надежда Коцева, с. р.

Oficijalen del

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд е покренатa постапка за амортизација на изгубени чекови издадени од Љубљанска банка — Основна банка — Скопје, на предлагачот Слободан Станиќ, под бр. 1302201-210, како и чековите под бр. 1345601-610.

Се моли секој оној кај кого се наоѓаат или знае нешто за овие чекови, за истото да го извести судот во рок од 60 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно, истите ќе бидат поништени.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, Р. бр. 29/87. (28)

Пред овој суд е покренатa постапка за поништување на изгубени чекови и чековна карта од страна на лицето Гичев Ацо против противникот Љубљанска банка — Основна банка — Скопје.

Се моли секој оној кај кого се наоѓаат или, пак, знае нешто за нив, а истите се со бр. 1192174 до 1192180, за истите да го извести судот и да ги донесе во судот во рок од 60 дена. Во спротивно, истите ќе бидат поништени.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, Р. бр. 240/86. (29)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за отказ на договор за користење на стан по тужбата на тужителот Федерација Држава СФРЈ — Команда за одбрана на град Скопје, застапувана од Воено правобранителство при ВП 5573 од Скопје, против туженият Павичевиќ Милан, ул. „Милан Зечар“ бр. 10/8 од Скопје. Вредност на спорот 30.000 динари.

Се повикува туженият Павичевиќ Милан од Скопје, сега со непознато живеалиште, да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку туженият не се јави во рок од 30 дена, на истиот ќе му биде одреден привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, Х. П. бр. 2087/86. (30)

ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Пред Општинскиот суд во Битола поведена е постапка за поништување на две меници трасирани од страна на конфекцијата „Иднина" ООЗТ Конфекција, „Иднина" — Битола, авалирана од страна на Стопанска банка — Основна банка — Битола, а ремитент е РО „Трготекстил" ООЗТ „Агропродажба". Првата меница е издадена во Битола на 20. I. 1986 година и стасува за наплата на 20. IV. 1986 година. Меницата е со сериски број 00120269 и е на износ од 1.012.290 динари. Втората меница е издадена во Битола на 25. VII. 1986 година, а стасува за плаќање на 21. X. 1986 година и е на износ од 2.860.635 динари.

Се повикува држателот на меницата во рок од 60 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да му пријави на овој суд дека ја држи меницата, а исто така се повикува секој оној кој во истиот рок може да стави приговор против поведената постапка или да го извести овој суд за лицето кое ги држи споменатите исправи.

Ако во означениот рок никој не се јави на судот дека држи меница или не стави приговор против поведената постапка, меницата ќе биде поништена.

Од Општинскиот суд во Битола, ВПП бр. 314/86.

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за сопственост по тужбата на Арслани Абдулселам од Задар и Граинца Феризат од Скопје, против Рецепи Мамутов Салија од Тетово.

Бидејќи туженият Рецепи Мамутов Салија се наоѓа со непозната адреса, се повикува истиот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави, да достави адреса или да овласти полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе му постави привремен застапник преку Центарот за социјална работа во Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1735/85. (23)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Смиљановски Благоја од с. Д. Седларце, против туженият Мустафа А. Шаип од Тетово, ул. „К. Ј. Питу" бр. 4, сега со непозната адреса во Турција. Вредност на спорот 700.000 динари.

Се поканува туженият Мустафа А. Шаип од Тетово, сега со непозната адреса во Турција, да се јави пред овој суд, да ја достави својата адреса или да постави полномошник во рок од 30 дена. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот на истиот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 136/87. (24)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за сопственост по тужбата на Милан Иљоски од Тетово против туженият Златановиќ Арсениje од Борча кај Белград, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата на туженият Златановиќ Арсениje не му е позната на судот, се повикува истиот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави на судот, да достави адреса или да овласти полномошник кој ќе го застапува пред судот во оваа постапка. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот преку Центарот за социјални работи — Тетово ќе му постави привремен застапник.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1795/86. (25)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за поништување на договор по тужбата на тужителот Алиу Имер Ислам од с. Камењане против тужената Зенделi Јелдез од Тетово, ул. „Ѓ. Петров" бр. 16, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Зенделi Јелдез да се јави во судот, да достави точна адреса и да одреди полномошник кој ќе ја застапува во постапката по овој предмет во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас.

По истекот на овој рок, судот на тужената ќе ѝ постави привремен старател преку Центарот за социјални работи — Тетово, кој ќе ја застапува до правосилното окончување на постапката по овој предмет.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1373/86. (29)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ШТИП

Пред Општинскиот суд во Штип е покренатa постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Сабри Пашов од Штип против туженатa Габриеле Пашова, родена Воигт, сега со непозната адреса на живеење во СР Германија.

Се повикува туженатa Габриеле Пашова, родена Воигт, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно, ќе ѝ биде поставен привремен застапник по службена должност.

Од Општинскиот суд во Штип, П. бр. 783/86. (26)

РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 168 од 16. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-454-0-0, го запиша во судскиот регистар овластеното лице за застапување на Општинската заедница за вработување — Берово, со следните податоци: Општинската заедница за вработување и РЗ ќе ги застапува без ограничување Печински Димитар, секретар.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 168/86. (474)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 91 од 23. V. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-450-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице за застапување на Самоуправната интересна заедница за становање, Ц. О. — Берово, со следните податоци: Чичаковски Јован, секретар, ќе ја застапува Заедницата без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 91/86. (475)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 146 од 2. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-617-0-0, ги запиша во судскиот регистар следните податоци: За овластено лице на ОСИЗ за водостопанство, Ц. О. — Виница се одредува Андонов Андон, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 146/86. (476)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 164 од 22. VIII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-471-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за култура — Виница со следните податоци: Се разрешуваат лицата Ампов Харалампи и Чаршавски Бранко, а се назначуваат лицата Иванов Методи, Атанасов Славчо и Гоцевски Димитар, со неограничено овластување, а потписите да важат поединечно.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 164/86. (477)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 165 од 22. VIII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-474-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за физичка култура — Виница, со следните податоци: Се разрешуваат лицата Апмов Харалампи и Чаршавски Бранко, а се назначуваат лицата Иванов Методи, Атанасов Славчо и Гоцевски Димитар, со неограничено овластување, а потписите да важат поединечно.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 165/86. (478)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 80 од 6. V. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-466-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицата овластени за застапување на ОСИЗ за социјална заштита — Виница, со следните податоци: Се разрешуваат досегашните потписници Иван Стојчевски и Благој Насков, а се овластуваат Гафе Ристов и Станка Антова, со неограничени овластувања, поединечно да потпишуваат.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 80/86. (479)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 149 од 7. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-282-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ЦОУ „Иво Лола Рибар“ — с. Драгобраште, со следните податоци: Се разрешува досегашниот директор Петруш Данилов, а се назначува Симеон Илиев, директор, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 149/86. (480)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 79 од 6. V. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-499-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицата овластени за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Делчево, со следните податоци: Се разрешува од должност лицето Димитровски Владе, секретар, а се овластуваат за потписници Ќурчиски Митко и Ѓорѓиевски Томе, поединечно да потпишуваат со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Штип. Фи. бр. 79/86. (481)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 115 од 16 VI. 1986 година, на регистарска влошка бр 1-468-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за култура — Кочани, со следните податоци: Се разрешува досегашниот раководител Јован Гацов, а се именува Јове Трајан Павлов, секретар, со неограничено овластување во застапувањето.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 115/86. (482)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 174 од 15. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-465-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице на ОСИЗ за управување и користење на пасишта и утрини — Кочани, со следните податоци: Се разрешува досегашниот в. д. секретар Васил Петров, а се именува за в .д. секретар Ајтовски Павле од Кочани, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 174/86. (483)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 116 од 16. VI. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-469-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за физичка култура — Кочани, со следните податоци: Се разрешува досегашниот в. д. секретар Драган Павлов, а се именува Јове Трајан Павлов секретар, со неограничено овластување во застапувањето.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 116/86. (484)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 56 од 22. IV. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-468-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице на ОСИЗ за култура — Кочани со следните податоци: Се разрешува досегашниот в. д. секретар Драган Петров, а се именува Гацов Јован, раководител на Стручната служба при ОСИЗ за култура — Кочани, со неограничени овластувања во застапувањето.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 56/86. (485)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 58 од 18. IV. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-463-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Ц. О. — Кочани, со следните податоци: Престанува правото за потпис на досегашниот секретар на ОСИЗ за социјална заштита — Кочани Голубинка Георгиевска, а се именуваат Бранко Минов и д-р Никола Јорданов, кои со неограничени овластувања ќе ја застапуваат Заедницата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 58/86. (486)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 213 од 8. X. 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на Самоуправната интересна заедница за водостопанство, со седиште во Пробиштип, со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Самоуправната интересна заедница за водостопанство, со седиште во Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 213/86. (487)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 212 од 8. X. 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на Самоуправната интересна заедница за патишта, со седиште во Пробиштип, со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Самоуправната интересна заедница за патишта, со седиште во Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 212/86. (488)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 211 од 8. X 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на Самоуправната интересна заедница за становање, со седиште во Пробиштип, со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Самоуправната интересна заедница за становање, со седиште во Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 211/86. (489)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 210 од 8. X. 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на самоуправната интересна заедница за вработување, со седиште во Пробиштип, ул. „Миро Барага“ бр. 1 со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Самоуправната интересна заедница за вработување, со седиште во Пробиштип, ул. „Миро Барага“ бр. 1.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 210/86. (490)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 209 од 8. X. 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на Самоуправната интересна заедница за физичка култура — Пробиштип, со следните податоци: Се брише од судскиот

регистар Самоуправната интересна заедница за физичка култура, со седиште во Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 209/86. (491)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 208 од 8. X. 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на Самоуправната интересна заедница за култура, со седиште во Пробиштип, со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Самоуправната интересна заедница за култура, со седиште во Пробиштип, ул. „Миро Барага“ бр. 1.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 208/86. (492)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 207 од 8. X. 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на Самоуправната интересна заедница за основно образование, со седиште во Пробиштип, со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Самоуправната интересна заедница за основно образование, со седиште во Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 207/86. (493)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 205 од 5. X. 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита, со седиште во Пробиштип, со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Самоуправната интересна заедница за социјална заштита, со седиште во Пробиштип, ул. „Јордан Стојанов“ бр. 12.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 205/86. (494)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 202 од 8. X. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-515-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците со седиште во Пробиштип, ул. „Јордан Стојанов“ бр. 12 со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, со седиште во Пробиштип, ул. „Јордан Стојанов“ бр. 12.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 202/86. (495)

Окружниот сотпански суд во Штип, со решението Фи. бр. 203 од 8. X. 1986 година, го запиша во судскиот регистар бришењето на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Пробиштип, со следните податоци: Се брише од судскиот регистар Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување, со седиште во Пробиштип, ул. „Јордан Стојанов“ бр. 12.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 203/86. (496)

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следните загубени документи:

Гарантно писмо — цертификат п. бр. 002-12378-4 на износ 2.450.000 динари за патничко возило Лада „Самара“ 1300, издадено од Основна интерна банка — Крагујевац, на име Столе Велковски, ул. „Мирче Ацев“ бр. 167-3/1-4, Скопје. (585)

Свидетелство за положен завршен испит издадено од гимназија „Моша Пијаде“ — Крива Паланка, на име Страшо Тошевски. (587)

Воена книшка на име Мујдин Зекири, с. Д. Палчиште, Тетово. (596)

Воена книшка Алија Идризи, с. Цепчиште, Тетово. (597)

Воена книшка на име Џеваир Јашари, с. Доброште, Тетово. (601)

Воена книшка бр. 49927 на име Ѓорѓиев Благој Јордан, Кратово. (659)

Лична карта на име Џавид Бајрами, с. Градец, Тетово. (660)

Сообраќајна дозвола на име Џавид Бајрами, с. Градец, Тетово. (661)

Возачка дозвола на име Џавид Бајрами, с. Градец, Тетово. (662)

Воена книшка на име Гајур Сејдини, с. Дебреше, Гостивар. (669)

Воена книшка на име Ванчо Мицов, ул. „Вардарска“ бр. 8, Штип. (673)

КОНКУРСИ

Врз основа на член 21 од Законот за заемот за вработување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/86), член 45 од Самоуправната спогодба за основање на Стопанска банка — Здружена банка — Скопје и член 37 од Статутот на Банката, Извршниот одбор на Банката

распишува

КОНКУРС

за одобрување кредити од средствата на заемот за вработување за учество во инвестиционите вложувања со кои се создаваат услови за нови вработувања

1. Стопанска банка — Здружена банка — Скопје (во натамошниот текст: Банка) распишува конкурс за давање кредити од средствата на Заемот за вработување за учество во инвестиционите вложувања со кои се создаваат услови за нови вработувања.

2. Кредитите од средствата на заемот за вработување ќе се одобруваат:

а) 80% за инвестициони вложувања на подрачјето на општината каде е уплатен заемот од кои:

— 87,5% за учество во инвестиционите вложувања за изградба, реконструкција, модернизација и проширување на постојните капацитети и за други намени во модерно трудоинтензивните гранки што обезбедуваат зголемување на вработеноста во индустријата, земјоделството, малото стопанство и во дејностите што се вршат со личен труд и со средства на трудот во сопственост на граѓаните и за организирање на научни и стручни единици во организациите на здружен труд;

— 12,5% за учество во инвестиционите вложувања за создавање на услови за живот и работа на село, изградба на продавници, занаетчиски работилници, сервиси за поправка на земјоделски машини и за создавање на други услови со кои ќе се намалува миграцијата село-град и ќе се иницира повратната политика град — село;

б) 20% за инвестициони вложувања во работноинтензивни и објекти со најмалку трисменско работење од заеднички интерес за Републиката, со тоа што приоритет ќе имаат вложувањата во стопански неразвиените општини со релативно најголем број невработени, во пограничните и ридско-планинските региони и за програма намената за извоз.

3. Кредитите од средствата на заемот за вработување Банката ќе ги одобрува под следниве услови:

— камата по стапка од 12,5% годишно, која ќе се пресметува тримесечно наназад,

— рок за отплата на кредитот до 6 (шест) години,

— рок за користење — изградба на објектот со грејс период до 12 месеци,

— интеркаларната камата од денот на користењето на кредитот до ставањето во отплата во висина од 10% ќе се капитализира на искористениот кредит, а разликата од 2,5% ќе ја плаќа корисникот на кредитот тримесечно наназад,

— кредитот ќе се отплатува во тримесечни ануитети.

4. Во пресметковната вредност на инвестиционите вложувања, кредитите од средствата на заемот за вработување можат да учествуваат најмногу до 40%.

Разликата до пресметковната вредност на инвестиционите вложувања ќе се решава со сопствено учество на корисникот на кредитот, од средствата на банките наменети за долгорочни вложувања, ФНП и РФНП и други средства (во висина и услови предвидени со актите на банките за користење на тие средства).

5. Кредитите од средствата на заемот за вработување ќе се одобруваат врз селективна основа на економските критериуми на вложувањата, а според следниве приоритети:

— со помали вложувања по вработен да се постигне поголемо вработување со тоа што потребните вложувања не треба да бидат повисоки од 50% од просечната вредност на инвестицијата по работното место во стопанството на Републиката во соодветната дејност,

— вложување во модерно трудо-интензивни и доходовни гранки,

— вложувања за кои не се потребни градежни објекти и други инфраструктури, а со цел да се создадат услови за порационално искористување на постојните постројки и инфраструктура и зголемување на капацитетот на производството,

— инвестициони вложувања кои се реализираат претежно со домашни плаќања (за динарски средства) кои можат да се ефектуираат за 6 месеци сметано од денот кога средствата се стават на располагање,

— инвестициони вложувања за основни и обртни средства со кои се овозможува најмалку двосменска организација на работата а особено во проекти со кои се отстрануваат тесни грла во производството, се скратува работното време и се обезбедува трисменска, односно четирисменска работа и се создаваат други услови за повеќесменска работа,

— инвестициони вложувања во трајни обртни средства со кои се овозможува дополнително вработување за најмалку една третина од постојниот број на вработените во ООЗТ, а со тоа се овозможува зголемено користење на капацитетите,

— инвестициони вложувања во малото стопанство од општествениот сектор особено во дисперзирани објекти во неразвиените подрачја (во таканаречената придружна и сервисна индустрија и во помали индустриско-преработувачки капацитети, а кои се однесуваат на сериско производство, супституција на нови производи и др.) и во други дејности што се вршат со личен труд и средства во сопственост на граѓани, во договорни организации на здружен труд и задруги со што ќе се овозможи вработување на нови работници,

— инвестициони вложувања на организации на здружен труд во стопанството заради организирање на институти, служби, бироа или центри за истражување, проектирање, програмирања, инжинеринг, маркетинг, за дизајн, за контрола и квалитет, за експертизи-анализи, центри за информации,

— инвестициони вложувања во општествениот сектор на земјоделство со кое се обезбедува порационално искористување на постојните капацитети и се подобрува квалификационата структура на вработените,

— инвестициони вложувања во индивидуалното земјоделство заради унапредување на трајни кооперативни односи во сите дејности од областа на земјоделството.

Отстапувања од одредените критериуми ќе можат да се вршат во случаи кога со инвестиционите вложувања се создаваат услови за поголемо вработување, завршување и ефектуирање на инвестициите за 6 (шест) месеци и зголемен извоз.

Предност при користењето на средствата од заемот ќе имаат корисниците кои ќе ги исполнуваат и следниве услови:

— кои ќе понудат инвестициони програми изработени врз научна стручна основа во кои се содржани сите елементи според кои може со сигурност да се оцени економската оправданост и исполнувањето на обврските за бројот на работниците кои треба да се вработат;

— кои ќе обезбедат поголемо сопствено учество под услов во пресметковната вредност на инвестициите, средства од заемот да учествуваат најмногу до 40%;

— кои ќе обезбедат програма со која ќе вработуваат работници од III до VIII степен на стручна подготовка;

— кои за ист обем на вложени средства ќе обезбедат поголем број на работни места;

— кои ќе користат над 80% од потребните суровини од домашно потекло;

— кои под исти услови ќе обезбедат производствена програма наменета за извоз.

6. Барањата за кредит ќе се поднесуваат во два примероци до основните банки во системот на Стопанска банка и нивните деловни единици како и до другите деловни банки во Републиката кои едниот примерок од барањето за кредит ќе го препраќаат до Стопанска банка — Здружена банка — Скопје.

Со барањето за кредит треба да се поднесе следнава документација:

а) За организациите на здружен труд:

— инвестициона програма, изработена според Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ бр. 15/83), со показатели и критериуми за оценка на општествено-економската оправданост на намераваната инвестиција;

— инвестиционо-техничка документација;

— одлука за градба;

б) за дејностите што се вршат со личен труд и средства на трудот во сопственост на граѓаните:

— скратена инвестициона програма (со податоци за намената за која се бара кредитот, висината на бараниот кредит, економската оправданост на инвестицијата, бројот на нововработените по квалификациона структура и др.),

— техничка документација (проекти);

— решение за регистрација и дозвола за вршење на стопанска дејност со личен труд и средства на трудот во сопственост на граѓаните издадено од надлежниот орган.

7. Барањата за кредит ќе се поднесуваат во рок од 60 дена од објавувањето во „Службен весник на СРМ“, со тоа што конкурсот ќе се објавува најмалку еднаш годишно, почнувајќи од 1987 до 1990 година.

8. Одлука по конкурсот Банката ќе донесе во рок од 60 дена сметано од денот на завршувањето на рокот за поднесување на комплетно барање за кредит.

9. Конкурсот ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, дневниот печат и во други информативни гласила.

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79 и 46/82), Собранието на општината Ресен

О Б Ј А В У В А

дека ќе врши избор на претседател на Општинскиот суд во Ресен (1)

Кандидатите за избор на претседател на Општинскиот суд треба да ги исполнуваат следните услови:

— да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— да се дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење и

— да имаат положено правосуден испит.

Заинтересираните кандидати пријавите со потребните документи треба да ги достават до Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на општината Ресен, во рок од 15 дена сметано од денот на објавувањето на ова соопштение во весникот „Нова Македонија“.

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

О Б Ј А В У В А

дека ќе врши избор (реизбор) на еден судија на Окружниот суд во Битола

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени со член 91 од Законот за редовните судови пријавите да ги поднесат до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

СОДРЖИНА

72. Одлука за утврдување на статистички истражувања од интерес за Републиката за периодот од 1987 до 1990 година — — — 77
73. Одлука за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1987 година — — — 77
74. Одлука за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — определување највисоко ниво на цените за превоз на патници во јавен патен сообраќај — 78
75. Одлука за давање согласност на Одлуката за поместување нивото на премискиот систем за осигурување на корисниците односно сопствениците на моторни возила и одговорност за штети причинети на трети лица — — — — — — — — — — 78
76. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика — — — 79
77. Решение за назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика — — — 79
78. Решение за именување заменик на директорот на Републичкиот завод за статистика 79
79. Решение за назначување потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи — — — — — — — — — 79
80. Решение за назначување советник на републичкиот секретар за внатрешни работи 79
81. Решение за назначување советник на републичкиот секретар за внатрешни работи 79
82. Решение за назначување советник на републичкиот секретар за внатрешни работи 80
83. Решение за назначување советник на републичкиот секретар за внатрешни работи 80
84. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи 80
85. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи 80
86. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи 80
87. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи 80
88. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи 81
89. Решение за повторно именување републички советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — 81
90. Решение за разрешување и именување претседател и членови на Советот на Дирекцијата за републички стоковни резерви — — 81
91. Решение за разрешување и именување претседател и членови на Советот за извршување на санкциите — — — — — — — 81
92. Решение за повторно назначување помошник на републичкиот секретар за општостопански работи и пазар — — — — — 82
93. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 187/86 од 21 јануари 1987 година — 82
94. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 253/86 од 21 јануари 1987 година — 83
95. Програма за статистички истражувања од интерес за Републиката за периодот од 1987 до 1990 година, што ги спроведуваат статистичките органи — — — — 83

Исправка на Одлуката за избор на членови на Советот на Републиката — — — — 88

96. Одлука за определување на стапката за здружување на средствата на резервите на организациите на здружениот труд — — 89

Општи акти на самоуправните интересни заедници

СКОПЈЕ

52. Одлука за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување — — — — — — — — — 89
53. Одлука за стапките на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од доходот за стажот на осигурување кој се смета со зголемено траење — — — — — — — 89
54. Одлука за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби во научно-истражувачката дејност во 1987 година — — — 90
55. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Републичката заедница на културата за 1987 година — — — — — — — 90
56. Услови за намалување на тарифните ставови за испорака на електрична енергија на големи директни потрошувачи, во зависност од степенот на сигурноста на снабдувањето со електрична енергија и режимот на работа на потрошувачот — — — — — 90

ДЕМИР ХИСАР

57. Одлука за стапката на придонесите за здравствена заштита и стапката на посебните придонеси за користење на здравствена заштита во странство за осигурениците од општината Демир Хисар за 1987 година 92
58. Одлука за придонесите за здравствена заштита на земјоделците во општината Демир Хисар за 1987 година — — — — — — 92
59. Одлука за придонесите за здравствена заштита што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории осигуреници во 1987 година — — — — — — — 93
60. Одлука за утврдување на основици за пресметување и плаќање на придонеси за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци во 1987 година — 94

ТИТОВ ВЕЛЕС

61. Одлука за утврдување на стапка на придонеси за ОСИЗ на физичката култура — Титов Велес за 1987 година — — — — 94

ТЕТОВО

62. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите на Општинската СИЗ за социјална заштита — Тетово за 1987 година 94
63. Одлука за утврдување на стапките за наплата на придонесите во 1987 година — 95

ШТИП

64. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствена заштита — — — — — — — — — 95

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.